Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **ГД Гранит АД - Скопје**, за интервенција на зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило (останато зеленило) на 15 (петнаесет) дрвја (13 багреми и 2 чемпреси), коишто се наоѓаат на **ул. „Салвадор Аљенде" бб КП 2617/37 и КП 2617/38 КО Центар 2 – Скопје.**
2. Сечењето на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4.Се задолжува барателот да засади 75 (седумдесет и пет) високошколувани садници (1+5) како што е утврдено во член 36 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) во рок од 30 дена после реализацијата на точка 2 од ова решение и за тоа да го извести овој орган.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ГД Гранит АД - Скопје, ул. "Димитрие Чуповски" бр.8 - Скопје поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/894** од **18.09.2026** година, за сечење на дрвја коишто се наоѓа на **ул. „Салвадор Аљенде" бб КП 2617/37 и КП 2617/38 КО Центар 2 – Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвјата пречат при изведба на градежни работи. Исто така барателот располага со правосилно одобрение за градба бр.27-1845/6 од 10.09.2026 год. издадено од Општина Центар.

Согласно член 10 односно член 11 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за останато зеленило. Согласно член 34 став 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и 42/20 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24), корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистичките планови.

Во став 2 од истиот член стои дека работите од ставот 1 се вршат врз основа на решение издадено од Градот Скопје, со кое се утврдуваат условите и начинот за извршените работи. Согласно член 14 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е правно или физичко лице, сопственик или корисник на градежна парцела на која се наоѓа зеленилото.

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрвја се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресечените дрвја, при што новите дрвја треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и дека поради состојбата во која се наоѓаат дрвјата, потребно е да се овозможи сечење.
За дрвјата за кои е дозволено сечење на барателот му е наметнато компензациско садење.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/894/2**
07.10.2026 година
Скопје

Доставено до: Барателот и Архива

Изработил
Марија Стојановска
_____

Раководител на одд.
Емил Дуровиќ
_____
Пом.раководител на сектор
Петар Гичаровски
_____
Раководител на сектор
Зоран Лапевски
_____

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески
_____